**20160531346**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр.08-1687/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател на
Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1 Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15 и 154/15) во членот 7 став (4) по бројот „93,“ се додаваат зборовите: „93-а,“, а по бројот „94,“ се додаваат зборовите: „94-а,“.

Член 2 Во членот 31 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Откупувачот е должен најдоцна до 15 во тековниот месец во електронска форма да достави податоци за реализиран откуп на земјоделските производи од претходниот месец и за планираниот откуп на земјоделски производи за наредниот месец.“.

Ставот (9) кој станува став (10) се менува и гласи:

„(10) Видот на податоците од ставовите (8) и (9) на овој член, начинот на доставување, формата и содржината на образецот за доставување на податоците ги пропишува министерот.“.

По ставот (10) се додава нов став (11), кој гласи:

„(11) Податоците од ставовите (8) и (9) можат да бидат користени за потребите на земјоделскиот пазарен информативен систем од членот 13 од овој закон.“

Член 3 Во членот 32 став (5) бројот „180„ се заменува со бројот „90”. Ставот (6) се брише.

Ставот (7) кој станува став (6) се менува и гласи:

„Откупувачот е должен податоците од договорот од ставот (2) на овој член, како и измените на податоците да ги внесува во електронска форма во регистарот од членот 4 на овој закон.“.

Ставовите (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8) и (9).

Во ставот (11) кој станува став (10) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (9)“.

Ставовите (12), (13) и (14) стануваат ставови (11), (12) и (13).

Член 4

Членот 33 се менува и гласи:

„(1) Откупувачите на земјоделски производи поднесуваат барање до Министерството за запишување во регистарот на откупувачи на земјоделски производи.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на земјоделски производи и регистарот на увозници на одделни земјоделски производи е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 31 став (6) алинеја 1 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува решение за упис во регистарот на откупувачи на земјоделски производи односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството за одбивање на барањето за упис од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 31 од овој закон ги пропишува министерот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“.

Член 5

Во членот 34 став (1) се менува и гласи:

„Регистарот на откупувачи на земјоделски производи се води во електронска форма и содржи податоци од членовите 31 ставови (8) и (9), 32 став (2) и од барањето за упис од членот 33 на овој закон.“.

Член 6

Во членот 35 став (2) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (1) на овој член откупувачот може во рок од 15 дена од денот на приемот на истото да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“.

Член 7 Во

членот 36 став (2) алинејата 3 се менува и гласи:

„-да располагаат со соодветни објекти и опрема за преземање, сортирање, складирање и чување на земјоделски производи“.

Во ставот (5) зборовите: „33, 34 и 35“ се заменуваат со зборовите: „33, 34, 35 и 36-а“.

Член 8

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

„Член 36-а

(1) Увозниците поднесуваат барање до Министерството за запишување во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 36 став (2) алинеја 1 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува решение за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството за одбивање на барањето за упис од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“.

Член 9 Во членот 47 став (1) по зборот „стопанства” се додаваат зборовите: „и на откупувачи на земјоделски производи запишани во регистарот од член 33 од овој закон.“ Во ставот (2) по зборот „добиток” се става запирка и се додаваат зборовите: „а на откупувачи на земјоделски производи запишани во регистарот од членот 33 од овој закон за откупени земјоделски прозиводи.“

Член 10 Во членот 48 став (1) алинеја 5 сврзникот „и“ се заменува со запирка. Во алинеја 6 точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- регистарот на откупувачи на земјоделски производи.“.

Член 11 Во членот 50 по став (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Откупувачите на земјоделски производи запишани во регистарот од член 33 од овој закон барање за директни плаќања поднесуваат кога тоа е предвидено со годишната програма за финансиска подршка во земјоделството.”

Ставот (3) станува став (4).

Член 12 Во членот 57 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Отстапувањата по повеќе минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина од ставот (1) алинеја 1 на овој член кои припаѓаат на иста област на услови на вкрстена сообразност се смета за едно отстапување со тоа што процентот на намалување се пресметува како просечна вредност од процентите на различните отстапувања.

(6) Начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директни плаќања од ставот (1) на овој член поблиску ги пропишува министерот.“.

Член 13 Во членот 59 став (1) по зборот „Министерството“ се додаваат зборовите: „или Агенцијата за храна и ветеринарство”.

Член 14 Во членот 62 став (3) по запирката на бројот „70“ се додаваат зборовите: „70-а“.

Член 15 Во членот 65 став (1) точка 2) по алинеја 1 се додава нова алинеја 2, која гласи: „- реструктуирање на земјоделски стопанства“.

Член 16

Во членот 70 став (8) се менува и гласи:

„Поддршката од ставот (1) на овој член не се доделува на земјоделски стопанства кај кои носител е правно лице кое користи помош за спас и реконструкција согласно со Законот за контрола на државна помош и поддршка од член 70-а од овој закон.“.

Во ставот (11) бројот „(11)“ се заменува со бројот „(10)“.

Член 17 По членот 70 се додава нов наслов и нов член 70-а, кои гласат:

„Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства

Член 70-а

(1) Поддршката за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства се доделува за зголемување на производните капацитети на земјоделските стопанства.

(2) Корисникот на поддршката од ставот (1) на овој член е семејно земјоделско стопанство регистрирано во ЕРЗС и чиј носител е на возраст до 50 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка.

(3) Капацитетите на земјоделските стопанства се групираат во три групи, и тоа:

- прва група: капацитети со големина до 1 ха за овоштарство и лозарство, до 5 ха за жита и добиточна храна, до 1 ха за фуражни култури, до 100 грла овци, до 10 грла кози, до 5 грла маторици, до 4 грла крави и до 30 товни јунци.

- втора група: капацитети со големина над 1 ха до 3 ха за овоштарство и лозарство, над 5 ха до 10 ха за жита и добиточна храна, над 1 ха до 3 ха за фуражни култури, од 101 до 300 грла овци, од 11 до 25 грла кози, од 6 до 10 грла маторици, од 5 до 10 грла крави и од 31 до 40 товни јунци.

- трета група: капацитети со големина над 3 ха до 5 ха за овоштарство, над 3 ха до 10 ха за лозарство, над 10 ха до 50 ха за жита и добиточна храна, над 3 ха до 8 ха за фуражни култури, од 301 до 500 грла овци, од 26 до 50 грла кози, од 11 до 50 грла маторици, од 11 до 20 грла крави и над 40 товни јунци.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за инвестиции во купување на земјоделско земјиште, набавка на живи животни и повеќегодишни растенија, изградба и реконструкција на објекти и набавка на механизација и опрема и за користење на советодавни услуги во земјоделството.

(5) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член изнесува 50% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата од ставот (4) на овој член.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува со задолжително користење на советодавни услуги при реализација на инвестициите од ставот (4) на овој член.

(7) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку деловен план на земјоделското стопанство, а со кој се предвидуваат инвестициони активности за период од најмногу три години, соодветни на планираното зголемување на производните капацитети на земјоделското стопанство во рамки на иста група односно од една во друга група.

(8) Деловниот план од ставот (7) на овој член ги содржи најмалку елементите од членот 67 став (4) од овој закон.

(9) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира со договор во времетраење до три години. Поддршката од ставот (1) на овој член се исплаќа согласно со фазите на исполнување на инвестициони активности од деловниот план од ставот (7) на овој член.“.

Член 18 Во членот 90 став (2) по

запирката на бројот „70“ се додаваат зборовите: „70-а“.

Член 19 По членот 93

се додава нов наслов и нов член 93-а, кои гласат:

„Помош за инвестиции за реструктуирање
на земјоделски стопанства

Член 93-а

(1) Државна помош за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 70-а на овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член изнесува:

- 90% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата со која капацитетите на земјоделското стопанство преминуваат од прва во втора група од членот 70-а став (3) од овој закон и

- 70% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата со која капацитетите на земјоделското стопанство преминуваат од втора во трета група од членот 70-а став (3) од овој закон, односно 80% за користење на советодавни услуги во земјоделството.

(3) Земјоделските стопанства кои се корисници на инвестициите од ставот (1) на овој член треба најмалку три последователни години да имаат пријавено капацитети согласно со почетната група пред започнување на инвестицијата, а при преминувањето во друга група, големината на новите капацитети треба да се поголеми од почетните најмалку за:

- 100% за инвестициите од ставот (2) алинеја 1 на овој член и

- 50% за инвестициите од став (2) алинеја 2 на овој член.“.

Член 20 По членот 94 се

додава нов наслов и нов член 94-а, кои гласат:

„Помош за инвестиции во преработка и маркетинг

Член 94-а

(1) Помош за инвестиции во преработка и маркетинг е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 72 од овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, вклучувајќи ја и поддршката од членот 72 на овој закон, изнесува до 80% од висината на прифатливите инвестициски трошоци кога носителот на инвестицијата е трговско друштво од областа на земјоделството, преработката или трговија со земјоделски производи основано од

евидентирани економски партнери согласно со членот 24 од овој закон, кои претставуваат подсектор на земјоделски производи или групи на производи од членот 22 став (4) од овој закон.

(3) Основачите на трговското друштво од ставот (2) на овој член во претходната година од годината на поднесување на барањето на помошта од став (1) на овој член, треба да имаат остварено најмалку 50% од вкупно произведените односно тргувани производи во Република Македонија за кој се однесува инвестицијата.

(4) Вкупно произведените, односно тргувани производи во Република Македонија за кој се однесува инвестицијата се утврдуваат согласно со податоците на Државниот завод за статистика.

(5) Помошта од ставот (1) на овој член се доделува во вид на предфинансирање на инвестицијата.

(6) Предфинансирање на инвестицијата е исплата на износот на помошта за реализација на инвестицијата на корисникот пред започнување на инвестицијата вклучително и на износот на приватното кофинансирање.

(7) Согласно со програмите од членот 7 од овој закон, предфинансирањето на инвестициите се доделува согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(8) Помошта за инвестиции во преработка и маркетинг се доделува со договор склучен меѓу корисникот на помошта и Агенцијата.

(9) Корисникот на помошта е должен пред склучување на договорот до Агенцијата да достави банкарска гаранција или хипотека во вредност на одобреното предфинансирање согласно со фазите за реализацијата на инвестицијата како гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од ставот (8) на овој член.

(10) Износот на исплатеното предфинансирање на приватното ко-финансирање, корисникот е должен по завршување на инвестицијата да го врати на најмногу осум еднакви годишни рати.

(11) Агенцијата по завршување на инвестицијата еднаш годишно донесува решение за поврат на средствата од ставот (10) на овој член со кое се утврдува износ на средства и рок на поврат.

(12) Корисникот на помошта од ставот (1) на овој член не смее да ја отуѓи, заложи, издава под закуп или на било кој друг начин да ја оптоварува инвестицијата во рок од осум години од завршување на инвестицијата, освен за потребите од ставот (9) на овој член.

(13) Во случај на отуѓување на инвестицијата по истекот на рокот од ставот (12) на овој член, корисникот на помошта е должен помошта да ја врати во рок од 15 дена од денот на отуѓувањето.

(14) Секој договор или друг правен акт кој е спротивен на ставот (12) од овој член е ништовен.“.

Член 21 Во членот 98 став (1) зборовите:

„стопанство за примарно земјоделско производство од природни непогоди и неповолни климатски настани“ се заменуваат со зборот „производство”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Висината на помошта нема да надминува 60% од трошокот на премијата за осигурување за надоместок на штета врз земјоделското производство, но не повеќе од 200.000 денари по земјоделско стопанство.“.

Член 22 Во членот 101 став (1) во алинејата 7
сврзникот „и“ се заменува со запирка, а во
алинејата 8 точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 8 се додава нова 9 алинеја, која гласи:

„-прибирање на податоци за почвена карта, одржување на база на податоци на почвена карта, анализа и публикување на податоци за почви.“.

Член 23

Членот 119 се менува и гласи:

„(1) Организацијата на производители поднеува барање до Министерството за запишување во Регистарот на организации на производители.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во Регистарот на организации на производители е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 114 став (1) алинеи 1 и 4 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува решение за упис во Регистарот на организации на производители односно Решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 114 на овој закон ги пропишува министерот.“.

Член 24

Членот 126 се менува и гласи:

„(1) Групата на производители поднесува барање до Министерството за запишување во Регистарот на групи на производители.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во Регистарот на групи на производители е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 122 став (2) алинеи 1 и 4 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува Решение за упис во Регистарот на група на производители, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 122 од овој закон ги пропишува министерот.“.

Член 25

Во членот 165 став (1) алинејата 6 се брише.

Член 26 По

членот 165 се додава нов член 165-а, кој гласи:

„Член 165-а

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако:

- не поднесе барање за прибавување на документите по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на членовите 33 став (2), 36-а став (2), 119 став (2) и 126 став (2) од овој закон и - не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето спротивно

на членовите 33 став (4), 36-а став (4), 119 став (4) и 126 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документи ако не ги достави бараните докази и документи во рок од три дена спротивно на членовите 33 став (3), 36-а став (3), 119 став (3) и 126 став (3) од овој закон.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 27 Подзаконските акти предвидени со овој

закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот

на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28 Започнатите постапки до денот на

започнувањето со примената на овој закон ќе се

завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 29

Одредбите на членовите 4, 8, 23, 24 и 26 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 30 Овој закон влегува во сила со денот на

објавувањето во „Службен весник на Република

Македонија“.